ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 22.07.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## ПОВТОРНО ФАЛСИФИКУВАНИ „СИНИ КАРТОНИ“

Во подрачната служба на ФЗОМ во Скопје повторно беа откриени нови фалсификувани докази за платен придонес (сини картони). При проверката за исправноста на сините картони е констатирано дека истите визуелно не се компатибилни со тие што ги издава ФЗОМ и лицата немале платено здравствено осигурување за периодот кога се лекувале т.е. здравствента услуга требале да ја платат приватно. 4-те нови откриени случаи во изминатиов месец се однесуваат на лица со места на живеење на територија на градот Скопје. Фалсификуваните сините картони се употребени за здравствени услуги извршени во јавните здравствени установи : Универзитетската клиника за Радиологија и Институт по белодробни заболувања кај децата –Козле.

Против лицата А.Д., Е.З., Х.К., К.Б. се поднесени кривични пријави до Основното јавно обвинителство-Скопје за кривично дело- фалсификување исправа, според член 378 од Кривичниот закон.

ФЗОМ ќе одржи средби со ЈЗУ од територијата на град Скопје, со цел подетална проверка на исправноста на документите кои ги носат пациентите при прием во самото ЈЗУ како и навремено детектирање на фалсификувани сини картони.

**ФЗОМ повторно апелира до граѓаните да не го сваќаат синото картонче како споредна работа и да го злоупотребуваат неговото значење. Казната за фалсификување на синото картонче изнесува до 3 години затвор.**

Бранко Аџигогов
Портпарол